# Политика за заштита на лични податоци, општи правила и услови на користење

**Последно променето на: 20.06.2019**

Овој документ ги содржи практиките за приватноста на веб страната на gPay и објаснува како ЏИСИКС СОЛУШНС ("gPay", "нас", "ние" и "нашите") ги користите вашите податоци. Тоа се однесува на сите електронски услуги кои ги нуди gPay, нашите социјални мрежи и нашите испратени електронски пораки. Со овој документ за Политика за заштита на личните податоци се уредува правото на приватност и сигурност на личните податоци. Тој подлежи на промени за кои ќе бидете известени секогаш на почетокот на документот (*последно променето на*) и пожелно е повремено да ја проверувате оваа страна за да бидете во тек со најновите податоци од нашата практика за приватност. Ваков настан би се случувал кога би се додавала нова опција, функционалност или услуга од страна на gPay.

Со пристапување и користење на нашиот веб сајт се согласувате со сите услови дефинирани во оваа Политика за заштита на личните податоци и Условите за користење на нашата веб страна. Доколку не се согласувате со наведените услови, ве замолуваме да не ги употребувате нашите услуги.

Прибирањето на личните податоци на оваа веб страница е во согласност со прописите за заштита на лични податоци.

**Собирање на лични податоци на корисници**

При пристапување кон користењето на gPay од клиентот ќе бидат побарани одредени лични податоци. Доколку не биде доставен некој податок што е задолжителен за одредена активност, нема да може да се користи оваа платформа.

Со самото прифаќање на апликацијата се смета дека корисникот слободно и изречно се согласува со обработката на неговите лични податоци.

**Обработка на лични податоци**

gPay ќе ги обработува и чува личните податоци на корисниците во согласност со Законот за заштита на лучни податоци и други правни прописи во Република Северна Македонија. Тие нема да бидат неовластено откриени на трети страни и истите ќе се чуваат во временски период колку што е потребно за исполнување на целта за која се собрани.

**Заштита на лични податоци на корисници**

gPay како платежен фасилитатор ќе ги користи личните податоци во согласност со Законот за заштита на лични податоци и други соодветни регулативи во Република Северна Македонија. Ние нема да ги објавиме личните податоци пред ниедна трета страна, освен во случаеви каде што тоа е дозволено или законски пропишано за да се се искористат или заштитат нашите права и

интереси или да постапиме во согласност на судските наредби или други правни и регулативни потреби.

Како клиент, вие одговарате за точноста на податоците. Под терминот „лични податоци“ се подразбираат: име, презиме, матичен број, адреса, електронска пошта и сл. Ние не сносуваме никаква одговорност доколку дадените податоци и информации се неточни.

**Заштита на доверливи податоци и информации**

Поставуваме сериозен пристап кон безбедноста на доверливите податоци информации. Ние ги преземаме сите потребни мерки за заштита на личните податоци и сите безбедносни протоколи за заштита на истите за да бидеме во согласност со позитивните законски прописи. Преземените мерки се со цел да се спречат потенцијалните загуби, кражби и злоупотреби како неавторизиран пристап, промена или уништување. Целата комуникација помеѓу серверот на gpay.mk и вас, како посетители и корисници е енкриптирана со цел да се заштитат податоците кои се внесуваат.

Целокупната документација за gPay како софтверско решение и платежен фасилитатор за обработка на личните податоци и сите негови промени се евидентира и чува во согласнот со Правилникот за техничките и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка на лични податоци од Дирекцијата за заштита на личните податоци.

Информациите од платежните картички како и информациите за плаќање се пренесуваат преку Secure Socket Layer конекција и се целосно шифрирани.

**Контакт**

Доколку имате било какви прашања во врска со заштитата на личните податоци, ве молиме испратите ни електронска порака на contact@gpay.mk или испратете ни пошта на следнава адреса:

**ЏИСИКС СОЛУШНС ДОО, Скопје**

**Ознака: Политика на приватност**

**Ул. Фјодор Достоевски, 72, спрат 4, 1000 Скопје, Македонија**